МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 14-550
30.03 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни магистерски студии по Едукација на наставата по биологија, Екологија и биосистематика, модул-екологија, Екологија и биосистематика, модул-биосистематика и Молекуларна биологија и генетика, модул-молекуларна биологија, на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни магистерски студии по Едукација на наставата по биологија, Екологија и биосистематика, модул-екологија, Екологија и биосистематика, модул-биосистематика и Молекуларна биологија и генетика, модул-молекуларна биологија, на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

По добиените Решенија за акредитација од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се обрати со барање бр. 09-173/4 од 20.02.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-550 од 21.02.2018 година, за извршување на увид за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа студиските програми од втор циклус на едногодишни магистерски студии по: Едукација на наставата по биологија (решение за акредитација бр. 1409-62/2 од 13.12.2017 год.), Екологија и биосистематика, модул-екологија (решение за акредитација бр. 1409-62/3 од 13.12.2017 год.), Екологија и биосистематика, модул-биосистематика (решение за акредитација бр. 1409-62/4 од 13.12.2017 год.) и Молекуларна биологија и генетика, модул-молекуларна биологија (решение за акредитација бр. 1409-62/5 од 13.12.2017 год.), на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-550 од 07.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми наведени во точка 1 на ова решение .

Комисијата на ден 09.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-550 од 12.03.2018 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програма на Природно-математички факултет во Скопје, наведени во точка 1 на ова Решение, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Проф. д-р Рената Дескоска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 17.05.2018
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
02-304/3

Доставена до:
- Природно-математички факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје
- Архива

изработил: Нухи Адини
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити